**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 9 ноември 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господинот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам притиснете на едно од копчињата да видам дали имаме доволен кворум за работа на седницата.

Присутни се 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 2001,ставка 427, потставка 427098 и на Раздел 9002, ставка 444, потставка 444235,поднесен од пратеникот Нано Ружин.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

44 пратеници гласаа против, 6 воздржани и 6 за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 8001, ставка 420, потставка 420069, ставка 426, потставка 426105, Раздел 902, ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 9001, ставка 421, потставка 421014, ставка 422, потставка 422029, ставка 424, потставка 424013, ставка 426,потставка 426075, ставка 426, потставка 426105, на Раздел 26001, ставка 421, потставка 421030, ставка 422, потставка 422045, ставка 426, потставка 426075, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Со овој амандман се симнуваат 6 милиони од Министерството за финансии и се даваат на Академијата за науките и уметностите (МАНУ)

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 902,

ставка 443, потставка 443140 и на Раздел 6001, ставка 464, потставка 464015, поднесен од пратениците Азис Положани и Исмет Рамадани.

Го молам претсавникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам. Господине претседателе, дами и господа пратеници ќе дозволите да го образложам амандманот, а имаме уште еден амандман кој е од прилика со иста содржина или на ист начин се обидува да се придонесе кон збогатување на некои фондови, за што мислам дека Собранието има за што да дискутира.

Имено, со овој амандман сакам да се

доделат средства со кои Владата би придонела кон збогатување на тоа што значи сигурно општество, оти состојбите какви што се во Македонија, мислам една таква димензија соработка со невладини организации мора да биде посодржајна, таа е во функција на релаксација на односите кога се знае дека имаме една партизација во државата на одредени институции и со помагање на асоцијација од цивилно општество, мислам дека би добро дошло за целокупната состојба на односите во Македонија. Тоа е едно.

Второ, тоа се препораки од разни меѓународни институции каде аспектот на заштита на околината и други аспекти од овој домен се препорачуваат да си земат парламентарна стимулација од страна на Владата, односно од страна на Буџетот.

Дополнително би сакал да кажам дека за несреќа и тие средства на кои сакам да дополнам уште 5 милиони и тие до сега не се реализирани. По ставката е 10 милиони, јас додадам уште 5 да бидат 15 милиони, а за несреќа, но не знам зошто, би сакал објаснување од министерот зошто и тие што се веќе планирани, не се реализирани.

Мојот амандман е во правец да се стимулира и уште еднаш да се поттикне овој момент каде Владата во сферата на трансферните трошоци во областа на невладини организации, а посебно за еколошките проблеми да биде поажурна, да ги реализира своите, со закон и претходниот буџет, предвидени ставки и со тоа навистина да придонесе овој дел од цивилното општество да заживее и да биде во функција на целокупниот развој на Република Македонија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Азис Положани за објаснувањето на амандманот што е поднесен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ќе ве молам да гласаме. 16 пратеници гласаа за, 5 воздржани и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, поднесен до пратениците Азис Положани и Исмет Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 12101,

категорија 46, ставка 467, за додавање нова поттставка по потставката 467197 и на Раздел 9002, ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Ристо Тодоров, Наќе Стојановски и Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа.

За збор се јави господинот пратеник Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Почитувани пратеници, штом господинот министер го одби овој амандман морам да ве повикам да гласате и да го поддржите овој амандман од следните причини:

Ќе ви предочам некои параметри за Дојранското Езеро за да ви стане појасно во каква состојба се наоѓа.

Пред десетина или 15 години кога ќе се кажеше Дојранско Езеро се подразбираше слатка водена маса од 280 милиони м3 вода расположена на површина од 42,74 км2. Најголемата должина на езерото беше 8,9 км., а најголемата ширина беше 7,1 км. Просечната длабочина беше 6,71 метар, а најголемата измерена длабочина беше 10,8 метри. Се сметаше за најбогато со риба природно езеро во Европа чиј годишен услов се мереше со повеќе од 500 тони квалитетна слатководна риба. Специфично по, хемиски состав на вода на езерото и за карактеристичните климатски услови кои заедно претставуваат природно лечилишта од многу болести. Имаше езерски туризам и се остваруваа околу 300 илјади ноќевања во една сезона.

Сега езерото е во сосема друга состојба. Годишно испаруваат околу 30 милиони м3 водена маса, а приливот не е ниту приближно толку. Наместо 280 милиони м3 вода сега во езерото има само 100 милиони м3 вода.

Инаку за запознавање на пратениците водата се собира преку зимскиот период затоа апелирам да гласаме за овој амандман, бидејќи ова му е последна шанса на Дојранското Езеро

да се наполни и да се спаси.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ристо Тодоров.

За збор се јави господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници, со оглед на специфичноста на амандманот што се однесува за реализација на проектот "Ѓавато за спас на Дојранското Езеро" и проблемот кој егзистира во врска со Дојранското Езеро подолг период во Република Македонија би било нужно и сериозно и одговорно кога министерот и предлагачот по овој амандман би дал свое образложение зошто не го прифаќа. Мене лично ми се познати од јавноста и од некои информации што ги има во последно време динамизирано активностите Министерството за заштита на човекова околина дека се прават сериозни согледувања во врска со санацијата на тој проблем. Би било добро министерот да објасни каде се излезите по тоа прашање што се гледаат надвор од реализацијата на Ребалансот на овој Буџет. Тоа би било добро за да се врати надежта кај граѓаните во Република Македонија, а особено надежта на граѓаните од тој дојрански регион.

Искрено да ЈВИ кажам оние кои ме познаваат ќе помислат па што бара овој пратеник да се потпишува на ваков амандман. Да ви кажам проблемот го следам и како пратеник и како граѓанин на РМ и преку она што се третира во јавноста. Но, доколку отидете лично барем еден викенд во Дојран и видите што се случува таму, тогаш ќе ја сватите димензијата и потребата од ургентна и динамична интервенција и приоритетна на надлежните органи во Република Македонија по тоа прашање.

Јас до денеска по последниот престој таму во мај месец на еден викенд и огромното незадоволство на граѓаните што ја имаат изгубено надежта дека нешто ќе се прави во смисла на санација на тој проект, сакаат да се подигне гласот и да се актуелизира прашањето.

Едно време тоа го правеше една комисија во состав на Комисијата за заштита на човековата околина, држеа седници, имаше и заклучоци на ова Собрание околу тоа прашање, имаше соодветна расправа на таа комисија околу тие информации, но практичниот приод на разрешување на тој проблем до ден денес е изоставен.

Проблемот е толку ескалиран што јас лично вака лаички сметам, прашање е дали е можна санација околу овој краткорочен период. Мислам дека би било нужно потребно министерот да образложи дали Владата има излезни решенија по ова прашање или е на пат да бара сериозни излезни решенија и затоа не го прифаќа овој амандман или едноставно тоа прашаше е оставено како неприоритетно за Република Македонија, барем во овој момент, да се бараат други форми на граѓанска иницијатива да не се надеваат на официјалните органи на власта дека нешто може да се стори и да помогне во оваа смисла.

Јас се надевам дека ќе следи дополнително појаснување од предлагачот во врска со овој амандман, а се надевам дека не сум единствениот пратеник кој длабоко ја има почувствувано судбината на она што се случува таму иако сум голем скептик дека може нешто радикално да се направи.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Наќе Стојановски.

Повелете господине министре.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го има ова прашање како приоритет околу Дојранското Езеро, Министерството за екологија и Министерството за земјоделие и водостопанство активно работат на решавање на ова прашање, ветени се големи донации за решавање на ова прашање, а средствата што се бараат е невозможно да се искористат во така краток период така што потребни се проекти, физибилити студии кои се работат и Владата ќе му даде приоритет на ова прашање на друг начин, во други форми во натамошниот период. Се уште останувме на она дека не го прифаќаме овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Повторно се јави господинот пратеник Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Само да дообјаснам дека постои проект "Ѓавато", направен е проектот само треба средства да се префрлат, вода се собира преку зимскиот период, а не кога ќе дојде летото. Луѓе упатени во тој проект во таа состојба на езерото знаат дека може со овие пари доста да се помогне на езерото, ако се сака.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на тоа што повеќе немаме расправа по овој амандма1 го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ: (Продолжение)**

28 пратеници гласаа "за", 5 се "воздржани" и 43 се "против".

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратениците Ристо Тодоров, Наќе Стојановски, Кирил Настевски и Ристо Спанаќов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001 ставка 421 потставка 421002 и на раздел 9002 ставка 444 потставка 444235 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата преку програмата за намалување на сиромаштија има одвоено одредени средства и за водоснабдување. Така што цениме дека овој амандман не треба да се прифати.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Отворам расправа.

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Јас сметам сепак дека навистина амандманот треба да се прифати од страна на Владата, од причина што речните ресурси во Република Македонија со квалитетна вода треба да се искористуваат за водоснабдување. Во таа насока системот на мали акумулации сега е во мода не само во Западна Европа, туку и во целиот свет, па и ние во оваа држава треба да почнеме со такви системи. Тие не се големи средства, за почеток според амандманот се барани околу 20.000.000 денари. Тоа би било еден почеток со кој би почнале и во нашата држава селските населби и другите населби да се снабдуваат со квалитетна вода, а не со вода загадена од подземни води и бунари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Аслан Селмани за објаснувањето во врска со амандманот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

24 пратеници гласаа "за", 4 се "воздржани" и 47 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001 ставка 421 за додавање нова потставка по потставката 421022 и на раздел 9002 ставка 444 потставка 444235 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се извинувам, дали би можеле да го повторите амандманот; бидејќи не можеме да го најдеме. Не можеме да го најдеме амандманот, ако може да го повторите. Амандманот да го повторите уште еднаш, да го прочитате уште еднаш.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандманот гласи: на член 3 раздел 14001 ставка 421 за додавање нова потставка по потставката 421022 и на раздел 9002 ставка 444 потставка 444235 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Па сега тој помина. Тој што се изгласа против беше истиот, го повторувате втор пат. Само што помина тој амандман, односно не помина, не беше изгласан.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа.

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Беа два амандмани. Еден амандман се однесува за нова потставка мали акумулации за водоснабдување. И вториот амандман се однесуваше за како што е во Буџетот само да се додадат 20.000.000 денари. Тоа е објаснувањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добивме дообјаснување.

Отворам расправа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

17 пратеници гласаа "за", 2 се "воздржани" и 51 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001 ставка 441 потставка 441198 и на раздел 9002 ставка 444 потставка 444197 поднесен од пратениците Хисни Шакири и Назми Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16001 ставка 401 потставка 401021 раздел 6001 ставка 464 потставка 464015 поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа.

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, јас реков дека се работи во принцип за ист амандман со кој што во делот на трансферите од Буџетот до одредени министерства сакам да интервенирам со средства со кои би овозможил во Медицинскиот центар во Струга да се опреми кабинет за мамографија. Јас не сакам тука да навлегувам сега во професионално образложение за оваа работа, но ќе кажам и заради јавноста дека за регион, можеби не само за овој како што е Струга, Охрид, Кичево и Дебар, пациентите поради неможност да се третираат, или да се дијагностицираат во овој дел, имаат потреба да доаѓаат во Скопје каде што за иста работа треба да чекаат два до три месеци. Оваа работа ја знам од моето искуство и мислам дека тоа директно влијае врз квалитетот и дијагнозата, всушност врз пружената медицинска помош на луѓето. Се работи за еден регион значи за повеќе од 200.000 луѓе кои што мислам дека имаат потреба од таков кабинет од горенаведените причини. А тоа што јас го поднесувам тука, господине претседателе и на овој начин амандманот, мислам дека е причина и тоа што јас сакав и во принципиелната дебата за законот да го кажам, но се повлеков заради времето, бидејќи сакав да интервенирам само за проблемите што и со амандмани сум интервенирал, реков ќе го кажам тоа по амандманите. Сметав дека со еден суфицит каде што има 27% вредност, мислам дека можеби имаше потреба да се истите ставки и овој како суфицит да се дискутира и во комисиите. Тогаш можеби ние би имале прилика овие проблеми и овој мој амандман што сега јас го предлагам да го решиме на начин на кој што и министерот при еден мој разговор со него вчера ми предложи. Но, во неможност тоа така да го направиме, а како потреба во овој момент е важна за овој регион, мислам дека можеби и на овој начин би можело да се придонесе кон подобрувањето на здравствената заштита на овој регион. Па затоа министерот, ако сака да објасни, а мислам дека би требало да објасни дека можеби има и друг начин преку програмата за намалување на сиромаштијата, а тука министерот за здравство можеби не е, во комбинација со него јас би прифатил и друга солуција и во тој склоп би отишол само да се реши овој проблем така како што треба за доброто на пациентите. Значи, немам намера по секоја цена да терам, или да барам нешто што е формално

невозможно, а целта ми е да поттикнам и да барам решение за овој проблем многу важен за пациентите.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би сакал да споменам дека од програмата за намалување на сиромаштијата предвидени се околу 270, 280 милиони денари, околу 9 милиони марки од кои што министерот за здравство би можел да оддели еден дел за ова. Потсетувам дека следната година ќе има повторно програма за намалување на сиромаштијата во многу поголем износ од овој и нормално ќе има нови трансфери од Буџетот, тоа е само за месец и пол од денеска. Така што во таа рамка би можело нешто да се најде. Владата останува на ставот да не го прифати овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Збор побара господинот пратеник Трајко Гешоски.

**ТРАЈКО ГЕШОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас за овој амандман на колегата Положани нема да гласам, од причина што за Струга се бара мамограф, а во Македонија има многу поголеми медицински центри кои што не располагаат со мамограф. Министерот многу добро образложи дека од овој ребаланс на Министерството за здравство дадени се 9 милиони марки и во склоп на Министерството ќе направи распределба на овие средства спрема потребите на медицинските центри.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Стојан Ковачески.

**СТОЈАН КОВАЧЕСКИ:**

Јас лично ќе го поддржам амандманот на колегата Положани од причини што тој се залага за еден регион кој што е најоддалечен од Клиничкиот центар во Скопје. Од тие причини лично знам и здравствените работници од Охрид, Струга, Дебар и Кичево знаат дека многу често заради оддалеченоста на мамографијата како дијагностичка метода многу доцна се поставува дијагнозата, а после тоа последиците знаеме дека се тешки; некогаш и фатални. Јас ќе го поддржам амандманот.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, ме поттикна за дообјаснување господинот Гешоски од Прилеп, кој што веројатно има право да бара, затоа што потребата за оваа дијагностичка постапка веројатно е истоветна во цела Македонија. Немам ништо против истиот апарат ако го нема; да го има и Струмица, поради оддалеченоста. Но, јас не го барам овој апарат за Струга, тоа сакав да го истакнам, туку колегата Ковачески јасно рече дека го барам поради тоа што во Струга гравитира еден регион од здравствен аспект каде што се и Охрид и Кичево и Дебар. Мислам дека ништо не би имал против истиот апарат да се инсталира и во Охрид. Значи, Охрид не е далеку од Струга. Но, главно е тоа што сакам да се најде решение за оваа постапка да се реши за овие пациенти од преку 200.000 што се во овој регион, поради оддалеченоста и поради икс други причини кои што мислам дека се многу важни. Немам ништо против, јас го барам во Струга, затоа што сум пратеник од Струга и мислам дека е како центар поприкладен, а ништо не би било лошо да е и во Охрид, да е и во Дебар, немам ништо против тоа. Главно да се реши овој проблем на адекватен начин за доброто на пациентите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, и пратеничката група на Либералната партија го поддржува овој амандман. Мислиме дека е крајно рационален и ако случајно не добие мнозинство сега, а сепак останат можности на друг начин прашањето да се реши, ние даваме целосна поддршка ова прашање навистина да се реши.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на тоа што ја исцрпивме расправата, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Пратеници гласаа "за", 5 се "воздржани" и 38 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Азис Положани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16030 ставка 441

потставка 441201, раздел 16040 ставка 441 потставка 441210 раздел 9002 ставка 444 потставка 444235 и на ставката 466 потставка 466093 поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа.

Господинот пратеник Димитар Бузлевски да го образложи амандманот.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, овој амандман се однесува на зголемување на позицијата за ученички стандард во делот на основното образование и во исто време за зголемување на позицијата за студентски стандард во делот на високото образование. Кога го разгледував ребалансот, мислев дека се работи за превид во концепирање на буџетот, бидејќи ставките кои што се вградени во позицијата за финансирање на унапредување на ученичкиот стандард и ставките кои што се вградени за унапредување на студентскиот стандард се еднакви на 1999, а некои и на 1998 година. Еве пример дека во 1998 година за студентски стандард беа издвоени средства во износ од 235 милиони денари, што исто така се предвидува таква сума да се издвојат и во 2000 година во истиот износ. Тоа значи се што се менувало од 1998 година до 2000 година не се однесува на зголемување на позицијата кај студентскиот стандард. Така што студентите како да не ги чувствуваат сите поместувања на цени кои што се случуваат во оваа држава за овој период. Јас сакам да ги замолам колегите пратеници, ако веќе го слушнавме ставот на Владата, а по моја проценка тој е погрешен во однос на овие категории на ученици и на студенти, тогаш би требало Парламентот да смогне сили да ја поправи таа грешка на Владата, да ги зголеми износите за финансирање на подобрување на стандардот кај учениците и кај студентите и со тоа да ги ублажи состојбите во таа сфера. Јас во оваа прилика нема да објаснувам какви се тие состојби, бидејќи не сакам оваа прилика да ја користам за тоа. Но, сигурен сум дека ако имаме пред нас еден ребаланс кој што предвидува зголемување за 2000 година во износ од 13 милијарди денари, тогаш учениците, а поготово студентите заслужуваат нивните позиции да се зголемат само за 100 милиони денари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Димитар Бузлевски.

Дообјаснување ќе даде министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Значи, ставката за ученички стандард според постоечкиот буџет предвидува 262 милиони. Искористени се 186, а има уште 76. Што значи, стапката на искористеност е 71%, а во овој период стапката на искористеност би требало да биде 83%. Значи, до крајот на годината најверојатно и според постоечкиот буџет тие нема да можат да ги искористат средствата, затоа што не ја следат динамиката на трошењето. Имаат 12% помалку остварување. Значи, тие се со месеципол назад искористување во буџетот. Така што нема никаква логика да се додава кога не е искористено и тоа што го имаат. Владата се уште не го прифаќа ова.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Господине министре, вашето објаснување не е во ред, затоа што не зависи од нив какви ќе бидат износите кои што ќе се користат за унапредување на ученичкиот стандард.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:(продолжение)**

Јас не знам зошто одбегнавте да го коментирате износот кој што го имате предвидено кај студентскиот стандард, затоа што тој износ е рамен на оној кој што е искористен во 1998 година. Тоа значи дека студентите никакви подобрувања на условите, од аспект на обезбедување на средства од буџетот не предвидувате да обезбедите и најверојатно, сметате дека студентскиот стандард во Македонија е добар, тој треба да се одржи на тоа ниво и така да си продолжиме понатаму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

За збор се јави министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Далеку од тоа дека сметам дека

студентскиот стандард е добар, меѓутоа, уште еднаш ќе потсетам дека преку Министерството за образование, каде што се дадени околу 210 милиони денари за програмата за намалување на сиромаштијата, ќе бидат веројатно, искористени средства и за подобрување на студентскиот стандард. Така што, во тие рамки би можело нешто да се најде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави повторно пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**:

Го користам тоа право, затоа што мислам дека овој е одговор кој што сака да ја помести расправата. Затоа што овде јас нудам конкретно решение, кое се однесува на обезбедување средства за подобрувања на состојбите кај стандардите на учениците и студентите.

Оттаму, не можам да прифатам ветуваше дека од други позиции можат да се обезбедат. Овде станува збор за конкретни позиции, кои што.....

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**:(продолжение)

Јас не знам зошто одбегнавте да го коментирате износот кој што го имате предвидено кај студентскиот стандард, затоа што тој износ е рамен на оној кој што е искористен во 1998 година. Тоа значи дека студентите никакви подобрувања на условите, од аспект на обезбедување на средства од буџетот не предвидувате да обезбедите и најверојатно, сметате дека студентскиот стандард во Македонија е добар, тој треба да се одржи на тоа ниво и така да си продолжиме понатаму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

За збор се јави министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Далеку од тоа дека сметам дека студентскиот стандард е добар, меѓутоа, уште еднаш ќе потсетам дека преку Министерството за образование, каде што се дадени околу 210 милиони денари за програмата за намалување на сиромаштијата, ќе бидат веројатно, искористени средства и за подобрување на студентскиот стандард. Така што, во тие рамки би можело нешто да се најде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави повторно пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Го користам тоа право, затоа што мислам дека овој е одговор кој што сака да ја помести расправата. Затоа што овде јас нудам конкретно решение, кое се однесува на обезбедување средства за подобрување на состојбите кај стандардите на учениците и студентите.

Оттаму, не можам да прифатам ветуваше дека од други позиции можат да се обезбедат. Овде станува збор за конкретни позиции, кои што имаат конкретна трошковната страна, како што јас кажав, нема да ја злоупотребам говорницата и да објаснувам каква е состојбата, поготово минатата година и што се случуваше во тие средини.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

26 пратеници гласаа за, 6 се воздржани и 42 се против.

Констатирам дека амандманот поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16 040, ставка 4441, за додавање нова потставка, по потставката 441 210 и на раздел 9002, ставка 441, потставка 441392, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани, Насер Зибери, Абдуладి Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа.

Дали некој бара збор.

За збор се јави г-динот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, ние овој амандман го поднесовме со една чиста убеденост, бидејќи ме радува тоа што имаме суфицит во буџетот на Република Македонија, а тој, спрема некои показатели е 230 милиони германски

марки и заради јавноста, да дообјасниме, што всушност бараме со овој амандман. Со овој амандман бараме 30 милиони денари да се исплатат за финансирање на тетовскиот универзитет, бидејќи овие средства цениме дека се добиени во тој буџет, односно од страна на сите граѓани на Република Македонија, а тоа значи дека се финансираат две институции, како што се двата универзитета и мислиме  дека и третиот универзитет, а тоа е тетовскиот редно е да се придонесе, односно да се помогне од овој буџет, кога веќе имаме суфицит.

Не сакам да навлегувам во тоа до каде стојат работите, токму заради овие околности во кои се најде, а и ние самите како Собрание со донесувањето на законот за високо образование.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Оломан Сулејмани.

за збор се јави г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Бидејќи и јас сум еден од потписниците, односно поднесувачите на амандманот, мислам дека крајно време е да се свати сериозно од една Влада на Република Македонија, во овој случај и од оваа Влада дека за нешто што дефакто постои и функционира, во овој случај тетовскиот универзитет во Република Македонија, со еден ваков гест, од еден ваков суфицит, односно од тие средства со кои на некој начин се прави распределба на средствата, мислиме дека треба да се помогне Универзитетот т.е. да се помогнат сите тие стандарди, кои ние понекогаш ги кажува во однос на подобрување на стандардот на тетовскиот универзитет.

Јас мислам дека крајно време е да се свати сериозно, а ова може би понекогаш може да се свати како една провокација од групата пратеници од ПДП, но едно е сигурно дека една од Владите мора еден ден да го свати ова, а дали првата, втората, или сегашната влада, или идната Влада, дека дефакто, постои една институција, дефакто, функционира една институција и дефакто има таму 10 илјади студенти, на кои треба да им се помогне на овој начин, за да можат да ги подмируваат нивните потреби, за да се подобри стандардот на самиот универзитет.

Мислам дека треба да се прифати како амандман, односно како интервенција во сето тоа што значи нова распределба т.е. ребаланс на буџетот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Исмет Рамадани.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

12 пратеници гласаа за, 4 се воздржани, и 51 против.

Според тоа, констатирам дека амандманот поднесен од пратениците Оломан Сулејмани, Насер Зибери, Абдуладп Вејсели и Исмет Рамадан не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 18010, ставка 441, потставка 441, 163, раздел 6001, ставка 464, поставка 464, 015, поднесен од пратеникот Азиз Положани.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, овие се тие два амандмани кои се слични во принцип. Сакам да ги објаснам и двата, бидејќи се базираат врз ист принцип, а тоа е дека со Законот за државна управа, кога се усвои и со намалување на министерствата, за кои што требаше 80 гласа, ние го изгласавме тој закон, со тоа што во истиот се внесе, како законска определба, во Министерството за образование и наука и во Министерството за култура да се формира дирекција за унапредување на културата на националностите, односно, во Министерството за образование, дирекција за унапредување на образованието на националностите.

Со оглед на тоа дека тоа беше законско решение, во средината на годината, не можеше да се каже дека би имало средства за реализација и за оживување на една таква управа и јас увидувајќи дека и во ребалансот не

успеав да видам каде ќе се имплементира, овој дел од кој закон донесен тогаш, се обидувам на овој начин да направам минимални услови, барем од финансиски аспект, да нема можност да се избегнува реализацијата на една таква законска обврска, така што, предлагам, затоа што мислам дека во суштина се работи за вработување на лица кои би ја сочинувале оваа дирекција, како во Министерството за култура така и во Министерството за образование.

Затоа, предлагам дополнителни средства за плата на дотичните министерства и за образование и за култура, со што би се воспоставиле базичните моменти за работа на оваа дирекција.

Ако Владата сериозно мислела, кога го прифати тој наш амандман, тогаш даден, за реализација на овие две управи, треба да направи чекор напред, тие управи да бидат реализирани, а јас со овој амандман, само сакам да и помогнам на Владата во оваа насока.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот г-динот Азис Положани.

За збор се јави г-динот пратеник Ризван Сулејмани.,

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас се приклучувам кон поддршката на амандманот на г-динот Положани, со оглед на тоа дека ние кога го усвоивме законот за државната администрација, барем јас мислам дека направивме добро решение и добар компромис и ние како опозиција го гласавме тој закон, што беше системски закон и требаше 80 пратеници да гласат за тој закон, со огледа дека претходно и потоа, при усвојувањето на законот за високото образование, овде на аналитички начин некои луѓе кои подобро го имаат проучено тој проблем кажаа и докажаа дека фактот што Албанците денеска не можат адекватно да бидат застапени во високото образование, односно фактот што Албанците денеска кога конкурираат во високо образовните институции, не можат да постигнат одреден резултат е и како резултат на тоа што во основното и средното образование, не се прават напори да се подобрат квалитетот.

Сега е добра шанса, кога буџетот е преполн и повеќе отколку што треба да се расфрламе со пари, зарем не е овој добар момент, тие законски одредби да профункционираат и да ги дадат токму тие резултати, за кои во еден момент, сите се согласивме дека е многу битен, ако сакаме навистина културата и образованието на националностите да се подобрат, преку овие две дирекции.

Така што, јас не знам, која би била аргументацијата денеска на министерот за финансии и другите, зошто Министерството за образование, при распределбата на средствата не се изборило за функционирање, односно за апликација на законот кој е донесен овде во овој парламент.

Мислам дека ќе направиме добар потез и тоа ќе биде само почеток на она за што, барем декларативно мислам дека се изјаснија дека треба да се направи нешто во основното и средното образование на националностите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

За збор се јави г-динот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**:

Јас во поддршка на амандманот, сакам да го изнесам следното:

По наши информации досега во двете министерства, за образование и за култура, се уште не е постапено по операционализација на одредбите на законот за органите на управата и основање на соодветните органи, кои ги предвидува во рамките на тие министерства дотичниот закон.

Дотолку повеќе што аргумент, дека средства предвидени за ова намена, кога се усвои буџетот за 2000 година, не бил во можност предлагачот да ги предвидува, од причина што законот беше донесен по усвојување на буџетот за 2000 година, што е разбирливо и затоа досега не сме барале дополнителни информации околу активностите, што е направено досега во смисла на оживотворување на одредбите на законот за органите на управата и основањето на овие две управи во рамките на двете министерства.

По мои информации, сега Владата, односно ресорите при Владата на Република Македонија се во фаза на опис, односно утврдување на описот на

работни задачи, утврдување на акти за систематизација на работни места, што значи дека е во фаза на операционализација и ставање во функција на законот за органите на управата.

Без овој амандман всушност, ниту Министерството за култура , ниту Министерството за образование нема да биде во можност да ги основа овие управи, во рамките на Министерствата, ниту ќе може да вработи лице кои ќе бидат ангажирани за спроведување на она што е законска содржина на Законот за органите на управата, во смисла на зачувување или подигнување на квалитетот на образованието и културата на националностите во Република Македонија.

Ова е најдобра прилика како тоа треба да се направи, дотолку повеќе што има суфицит, односно вишок на средства, што значи дека исклучиво од законодавецот зависи како ќе ги прераспределува тие средства, без да се засегнуваат други органи, односно нормалното функционирање на останатите органи на државната управа.

Од тие причини, мислам дека нема ниту еден аргумент, со кој може да се одбие барањето, за да се стави во функција она што беше извршни органи, кои ги предвидува во рамките на тие министерства дотичниот закон.

Ова е најдобра прилика како тоа треба да се направи, дотолку повеќе што има суфицит, односно вишок на средства, што значи дека исклучиво од законодавецот зависи како ќе ги прераспределува тие средства, без да се засегнуваат други органи, односно нормалното функционирање на останатите органи на државната управа.

Од тие причини, мислам дека нема ниту еден аргумент, со кој може да се одбие барањето, за да се стави во функција она што беше израз на волјата на мнозинството во Собранието, односно прифаќање од страна на Владата за вметнување на овие две амандмана, во тогашниот закон за органите на управата.

Во спротивно, тоа ќе значи дека само формално Владата, за да ја добие поддршката на пратениците од ПДП и да имаат двотретинско мнозинство, го прифатиле предлогот да се основаат овие две управи, но во суштина, никогаш да не заживеат.

Од тие причини, ја давам мојата поддршка, во функција на ставање и поддржување на овој амандман и апелираме и до предлагачот и до останатите пратеници на пратеничките групи, претставени во Собранието, да имаат разбирање и да ја поддржат идејата за прифаќаше на амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Насер Зибери.

Дами и господа пратеници, бидејќи нема веќе пријавени дискутанти, го затворам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

18 пратеници гласаа за, 6 воздржани и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Азис Положани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 19,001 ставкг 441, потставка 441 082, и на раздел 6001 ставка 464, потставка 464 015, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

За ова се обезбедени средства од донацијата од Тајван во износ од 5 милиони долари, кои што средства се легнати на сметка на Централната банка и на Министерството за финансии,и едноставно се чека информирани се директорите на Клиниката за гинекологија, тие знаат, отворени се тендери, и процесот е во тек. Така што, нема потреба од вакво нешто, а исто така, од средствата за намалување на сиромаштијата, Министерството за здравство приложува документ, со кој што предвидува 1 милион и 200 илјади германски марки за реализација на доградба на гинекологија Чаир од Скопје. Така што, и за двете гинекологии што ги имаме во Скопје предвидени се средства и од таа причина не го прифаќаме овој амандман.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине министре мислам дека настана недоразбирање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Грешка е во читањето. Вие мислите и на другото министерство.

Она што има врска со гиникологија,

или за мамографијата, што рековме , тоа го завршивме и тоа влегува , што јас би бил среќен да се реализира тоа така, без разлика што тука не помина.

Ова другото е исто како претходниот. Значи во едниот барам да се дадат средства за вработените во Министерството за образование, за дирекцијата во тоа Министерство, а другиот е ист, само во Министерството за култура, каде што исто така е изгласано , и е законско решение за дирекција за унапредување на културата на националностите. Тоа е другиот амандман. Јас реков претходно, нема да апелирам и за другиот бидејќи се работи за иста причина, за ист момент за иста потреба.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас преескa забележав дека има грешка, но да не речете еве нон стоп министерот нешто не опоменува тука.

Што се однесува за ова, поврзано со културата, сакам да ви кажам дека во сегашната стапка во буџетот искористеноста е многу ниска, исклучително ниска, и да не го сега спомнувам процентот колку е ниска искористеноста. Од таа причина не го прифаќаме амандманот. Еве да кажам 10% е искористеноста од вкупните средства што ги има за културата.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Во начелната дискусија за законот, јас и пред малку реков, сакав заправо токму и за тоа да дискутирам, а сега ќе го дополнам тоа со тоа што и министерот го рече истото.

Што се однесува до трансферните средства и Министерството за здравство и Министерството за култура, и со тој амандман што барав да се дадат средства за екологија, со првиот амандман , карактеристично е тоа што нема искористување и пренесување на средства. Некаде нема користење, а во здравство, да речеме нема трансфер. Така да минатата година кога ние дискутиравме за Буџетот за 2000 година во Комисијата констатиравме дека трансферот од минатата година ,од Буџетот до Министерството за здравство беше реализирано некаде 7%, според зборовите и на министерот. Затоа сега јас сакам да се ефектуира овој начин на работа. Јас не знам тоа од каде доаѓа, дали од неможноста на одредени министерства благовремено да реагираат и да ги поставaт барањата, дали пак Министерството за финансии има многу работа па не е во можност благовремено да ги достави. Јас не знам во што е работата.

Барам средствата, и тие што се нереализирани да се реализираат и плус да се додадат, а во конкретниот случај се работи за средства кои се за нови вработувања во дирекцијата за унапредување на културата на националностите. Тоа е друга работа, не е само зад користење на средства од тој аспект, тоа што го спомна министерот. Неискористеноста , претпоставувам доаѓа од тие активности што ги финансира Министерството за култура, па во недостиг на програми или активности со кои би се повлекле овие средства, сме дојдени до таа состојба да нема искористување. Амандманот е за друга работа. Тоа е да се овозможи имплементација на законското решение од Законот за администрација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Азис Положани.

За збор се јави повторно пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во прилог на тоа што го кажа г-динот Положани, а имам и мои сугестии во врска со двете дирекции за унапредување и на образованието и на културата, во овој случај и за афирмирање на културата на националностите.

Очигледно е дека во Собранието кога се прифатени два амандмани, исто така од пратеничката група на ПДП,од Владата на РМ односно од соодветните министерства, веројатно тогаш ние не сме мислеле, а не сакаме и се уште дека формално се формираат тие дирекции т.е. управи , туку и тогаш и сега знаеме дека таму треба да се постават луѓе кои би го спровеле тоа што беше наша идеја и што беше прифатено до Владата на РМ. Што тоа значи? Тоа значи дека треба да се постават луѓе кои веројатно таму ќе иницираат и програми, ќе иницираат од разни луѓе кои се занимаваат со култура, за да можат да ги искористат средствата кои се и од време дури поделени за Министерството за култура. Само за пример да кажам, ако не ја грешам сумата, некаде околу 40 милиони и повеќе денари се поделени за

Министерството за култура и сега јавно министерот од Владата на РМ, значи министерот за финансии веќе знае и признава дека средствата не се искористуваат и тие кои се предвидени. Ние сега кога интервенираме односно кога интервенира и г-динот Положани со тоа да се направи нова распределба на овој суфицит, тоа значи дека во тоа Министерство мора да се спроведува тоа што веќе е прифатено во Собранието односно што е прифатено од Владата.

Не можат да се искористат средствата ако нема луѓе во таа управа, луѓе чија специјалност им е културата и кои можат да помогнат во оваа работа. Не може да се афирмира и унапредува културата ако нема материјални средства и луѓе кои би го спровеле сето тоа. Затоа треба , ако не се прифати, барем една интервенција , самиот факт што ние овде го образлагаме, а и самиот министер јавно кажа дека тие средства не се искористуваат, а тоа значи дека не се искористуваат и за таа дирекција односно управа за унапредување и афирмирање на културата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Исмет Рамадани.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

11 пратеници гласаа за, 7 воздржани и 45 против.

Констатирам дека амандманот поднесен од пратеникот Азис Положани не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 19001 за внесување нова категорија 4б,нова ставка 467 и нова потставка 467197 и на раздел 9002 ставка 444 потставка 444227 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Тоа сега е за Гинекологија Чаир за кое што кажав дека во програмата за намалување на сиромаштијата предвидени се 1.200.000 ГМ, предложено од министерот за здравство. Врз основа на ова Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави пратеникот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Амандманот се предлага бидејќи е петта година изградбата на објектот Гиниколошко акушерската болница во Чаир. Но по објаснувањето на министерот дека средства се планирани од Министерството за здравство за изградба на овој објект, затоа амандманот го повлекуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Фатмир Етеми.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Значи амандманот се повлекува.

Во меѓувреме пратеникот Мухамет Тахири поднесе амандман на член 3 раздел 16о3О ставка 463, потставка 463094 и на раздел 9002 ставка 444 , потставка 444235 , по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по спомнатиот амандман поднесен од пратеникот Мухамед Тахири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ.**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Владата не го прифаќа амандманот.

Отворам расправа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме. 13 пратеници гласаа за, 4 воздржани и 44 против.

Констатирам дека амандманот поднесен од пратеникот Мухамед Тахири не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот за изменување и дополнување на Буџетот.

Молам дали некој бара збор?

За збор се јави пратеникот Ванчо

Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Г-дине претседателе, во фаза на изработка се два амандмани, па додека ги добиеме да дадете пауза од пет или десет минути.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи техниката за да се поделат амандманите е најмалку половина час, тогаш давам пауза од половина час за да ги добиеме амандманите.

(по пауза). (Седницата продолжи со работа во 14,10 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници и претставници на Владата, продолжуваме со работа.

Во меѓувреме пратениците Миланчо Черкезов, Златко Стојменов, Звонко Мирчевски, Горѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Вангел Симев, поднесоа амандман на член 2 во Билансот на приходите во позицијата 7111, позиција 7142 во Билансот на расходите во позиција 401 и на член 3 на сите Раздели од ставката 401 во Билансот на расходите, категорија 47 ставка 472 и на Раздел 14001 ставка 426 потставка 426024 и на потставка 426083, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ванчо Чифлиганец поднесе амандмани на член 3 Раздел 9002 ставка 444 потставка 444200 и на Раздел 9002 ставка 483 потставка 483010 и на член 3 Раздел 14001 ставка 426 потставка 426083 и на Раздел 9002 ставка 483 потставка 483010, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во Билансот на приходите од позиција 7111, позиција 7142 во Билансот на расходите во позиција 401 и на член 3 на сите Раздели од ставката 401 во Билансот на расходите, категорија 47 ставка 472 и на Раздел 14001 ставка 426 потставка 426024 и на потставка 426083, по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Молам дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Овој амандман што го предлагаме пратениците од ВМРО-Вистинска, е со цел до крајот на 2000 година, за една милијарда денари и тоа посебно на акцизите на нафта и нафтени деривати.

Исто така, бараме намалување на приходите од персонален данок за 300 милиони денари, бидејќи со програмата на Владата и при проекцијата на Буџетот за 2000 година беше планирано тие приходи да се намалат за една милијарда денари. Бидејќи тој износ до крајот на годината не може да се обезбеди ние предлагаме износ од 300 милиони денари.

Понатаму, имајќи го во предвид фактот што платите во државната администрација се многу ниски, се гледа на тоа што годинава имаме инфлација од 10%, ние предлагаме зголемување на платите во образованието, културата, судството, здравството и другите административни дејности за 10% и тоа за октомври, ноември и декември месец 2000 година, бидејќи очекуваме 10% инфлација. Со прифаќањето на овој амандман од страна на министерот за финансии односно на Владата, би останале на исто реално ниво како и минатата година.

Во сферата на земјоделието предлагаме амандмани со кои што би се издвоиле 900 милиони денари, за заштита на Дојранското Езеро од природната катастрофа, како важен рекреативен туристички и економски центар.

Исто така, бидејќи во 2000 година со ДДВ на земјоделците им се земени пари, а темел на програмата на Владата е земјоделието и неговиот развој, земјоделието беше симбол, за унапредување на земјоделието и темелна работа во партиската програма на ВМРО-ДПМНЕ, ние бараме одземените средства на земјоделците

во висина од една милијарда денари да им се вратат. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Звонко Мирчевски.

Молам дали некој друг бара збор?(никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеника, од кои 20 за, 2 воздржани и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на амандманот на член 2 во Билансот на приходите од позиција 7111, позиција 7142 во Билансот на расходите во позиција 401 и на член 3 на сите Раздели потставката 401 во Билансот на расходите, категорија 47 ставка 472 и на Раздел 14001 ставка 426 потставка 426024 и на потставка 426083, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Златко Стојменов, Звонко Мирчевски, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Вангел Симев.

Отворам претрес по амандмани на член 3 Раздел 9002 ставка 444 потставка 444200 и на Раздел 9002 ставка 483 потставка 483010, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе..

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Тој закон е престанат и предвидени се доволно средства за до исплата на она што е заостанато. Инаку тој закон е престанат, така што и надоместоците предвидени со ребалансот, големи средства за надоместоци за невработените, така што Владата води сметка за овие флори на населението, така што овој амандман нема потреба да биде прифатен, и не го прифаќам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ**:

Добро,

Го слушнавме одговорот на овој амандман на министерот Груевски. Дали некој друг бара збор? За збор се јави пратеникот Ванчо Чифлиганец. Повелете.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратениците почитувани министре за финансии,

Мислам дека кога дискутирав пред два дена во врска со суфицитот по ребалансот на буџетот за 2000 година, многу прашања дотакнав, кои се осетливи, кои се од животно-егзестицијално прашање за поголем дел од граѓаните на Република Македонија, и мислев дека најголем дел на прашањата кои беа директно поставени до уважениот министер и до ресорните Министерства на Владата на Република Македонија, ќе ги добијам одговорите.

И затоа не дадов благовремено амандман, по суфицитот, по ребалансот, мислев дека во најголем дел ќе им биде одговорено на конкретните, бар од моја страна доборонамерни, принципиелни прашања. И затоа, од вчера се мислев дали да предложам конкретен амандман, по дискусијата што ја дискутирав, или пак, ако сакаме дискусијата да има финале, неопходно да се поднесе амандман, и денеска го поднесов од тие причини што на голем дел од прашањата кои беа по мојата дискусија до ресорното Министерство на Владата на Република Македонија, не добив одговор.

Ова прашање што амандманот се однесува за категоријата на граѓани кои се бават со земјоделска дејност, односно произведуваат земјоделски производи, а тоа се: тутун, пченица, јачмен, домати, пиперки, бостан, ориз и други. Добронамерно тоа го давам како амандман, затоа што, јас направив компетна анализа. Овие граѓани кои се бават со земјоделие, со производство на земјоделски производи, кои ги има околу 200 илјади луѓе граѓани, во Република Македонија, по основ на ДДВ, само од примарното производство, земјоделски производи, нивните производи се оптеретени, односно буџетот е зголемен, по основ на додадена вредност, од примарното производство 1.236.426.700, односно ни повеќе ни помалку, 38.625 илјади марки. Ова го велам затоа што веќе тие средствата се одземени од оваа категорија на граѓани, земјоделци, дали се тоа тутунџии, дали произведуваат пченица и јачмен, бостан, домати, ориз, итн., на целиот простор на Република Македонија, не само во мојата општина Радовиш, тоа се

однесува и Битола и Струмица, и сите земјоделци, тоа е одземено од нивниот џеп. Не велам украдено, али одземено, тимски организирано, административно. Тоа е едно.

Друго, сит инпути, односно да не разберат оние што се бават со оваа проблематика, земјоделците, сите трошоци кои учествуваат во земјоделските производи се зголемени: електрична енергија, нафта, итн., како цена остава, не по данок на додадена вредност, сматрам дека треба сега стапката од 30 милиона марки, и сакам да кажам да не потенцирам да е земено од старите заштеди, не потенцирам да е земено од пензионерите, или од било кој, потенцирам да се земат од депозитите на Народна банка на Македонија. Така ниедна категорија на граѓани, од страна на Владата на ресорното министерство, не е оштетено со ребалансот. Во тоа крајно внимавав и се одлучив денеска тоа да го поднесам, да не биде, ниеден граѓанин оштетен, а, зошто го велам, не заборавете, министерот Ѓорчев, кој во една негова изјава пред средствата за информирање и мислам и на овој Парламент, веќе обеќа на тутунопроизводителите за реколтата од 1999 година, да биде по секој килограм, линеарно исплатено 10 денари, и за лозарите, итн. Гарантираната цена од страна на државата беше 111 денари, мислам дека е остварена 95 итн., значи, и доплата обеќани средства 10 денари по килограм тутун, не се исплатени. А тоа е околу 12 милиони марки, иако јас се залагав во мојата дискусија да биде по секој килограм тутун, премија, за реколтата 1999 година, од суфицитот, обезбедени, односно од депозитот на Народна банка на Македонија, по 30 денара, а тоа е 30 милиона марки. И затоа, да не ме сфатите погрешно, ако тие луѓе земјоделци, ни ја дадат поддршката партиски поединечна, а ние како пратеници ја даваме поддршката на Владата, мислам треба овој амандман да биде удоволен. Во голема група категорија на граѓани, кои се занимаваат со земјоделска дејност. Тоа е стратешкото, животно, егзистенцијално прашање, на тие граѓани. Друга алтернатива за тие граѓани нема. И тоа е моето крајно образложение, што секогаш сум се залагал на овој Парламент, дали било во претходната Влада, оваа и понатаму. Тоа прашање мораме ние да го решиме. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Ванчо Чифлиганец, за дополнителните објаснувања по амандманот.

Молам дали некој друг бара збор.

Има збор пратеникот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги.

Јас сосема накратко ќе се осврнам на овој амандман и за она што е мое видување околу проблемот што го наметна г. Чифлиганец.

Ова е доста важно прашање за Република Македонија, меѓутоа во овој момент не се согласувам со предложениот амандман. Се согласувам со констатацијата дадена во образложението на амандманот, а тоа е овие причини треба да се изгради механизам за враќање..." Претпоставувам за враќање на ДДВ.

Сметам дека токму овде лежи суштината на проблемот што го изнесе г. Чифлиганец, и треба токму на тоа да се работи, бидејќи во моментот во Република Македонија, имаме состојба да немаме изградено професија земјоделец. Така да, ако одиме преку амандманско враќање на средствата од ДДВ, ќе имаме состојба да се враќаат пари и на оние кои што професионално работат нешто друго, и оние што професионално се занимаваат со земјоделие. Како пример да земеме некои од пратениците кои може да има земја, да се занимава со земјоделие, па и на него да му бидат вратени тие средства, а да бидат вратени и на некој земјоделец на кој основната дејност му е токму земјоделието. На тој начин, најдиректно се прави една состојба на неконкурентност на некои кои директно се занимаваат со земјоделие, бидејќи тие се задолжени да ги плаќаат сите давачки, сите придонеси по основ на плата за разлика од оние кои што не се занимаваат професионално со земјоделие.

Од тие причини, јас предлагам и апелирам до Владата, најнапред да се создаде целиот пакет закони, да се

донесе во Република Македонија, да се донесе, мислам дека тоа е најавено за почетокот на 2001 година, кога ќе се дефинира точно професијата земјоделец, и дури тогаш да градиме механизам за оној кој што ќе се занимава со земјоделие, воопшто да не плаќа ДДВ, или да има прво на поврат на средствата од ДДВ.

Тоа е моето мислење и од тие причини јас не би сакал да го прифатам амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Горанчо Трајков.

Молам дали некој друг бара збор.

За збор повторно се јави г. пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Веројатно колегата претходен дискутант по паузата кога ја имавме, во шала бара да ме поддржи во амандманската расправа по поднесените амандмани, не заради тоа што е пратеник од позицијата, не затоа што неговите два прста односно партијата на власт одлучува, туку затоа што мислев дека сепак потекнуваме од такво поднебје, дали е тоа Радовиш,-Струмица, Битола, Охрид, Виница, Кочани, за поддршка, да ме поддржи во амандманската расправа, затоа се нашалив.

Мислам дека, такво образложение, пред овој највисок законодавен дом, Парламент, се држи, но најмалку има место. Замислите да немаме категорија на професионалец земјоделец. Ние заборавивме на нашите земјоделци - колега Горан. Во Радовиш не да нема професионалец, не да се половина, најголем дел егзистираат од земјоделието. Верувам дека тоа е и во Виница, во Струмица скоро цела општина, 90% егзистираат од земјоделието, и ние од оваа парламентарна говорница да кажеме со целата лична совест и одговорност дека категоријата професионален земјоделец, што егзистира од тоа нема. Мислам дека тоа е апсурд и јас не би сакал со такви квалификации, дефиниции да се согласам и затоа се јавувам.

Понатаму, пратеникот Ванчо Чифлиганец, поднесе амандман не на луѓе кои се регистрирани земјоделци да им се даде паушал или линеарно, туку и оној што е службеник, ако произведува земјоделско производство, сакаме да го стимулираме адекватно по единица производ, не затоа што е евидентиран земјоделец. Така да има механизам. Дали оној што живее од 1500 кгр. тутун, му е единствена дејност, или и наставникот, и лекарот, и инжињерот и техничарот и работникот, произведува покрај неговата дејност, тоа е за нас во овој момент исто, затоа што не може со една наставничка плата од 300-400 германски марки да издржи и тој мора да се занимава со земјоделие, со тутунопроизводство, пиперки, домати итн. Точно се знае колку е земјоделското производство и точно може да се издиференцира девизниот ефект за одредени земјоделски производи, како што е на пример тутунот. Ние имаме нето девизен ефект од тутунот, околу 50-60%. Ако ние произведуваме 100 милиона марки годишно тутун, тоа е 50 милиона марки само работната рака.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**: (продолжение)

Во тоа мораме или 30 или 40 , има механизам.

Затоа, јас реков тие средства се одземени од примарното земјоделско производство. Еве, ефектите од примената на ДДВ. Секој тоа може да го пресмета. Ако во тоа ме демантирате или биде анализа во 199 9 год , овие ефекти не се постигнати преку категоријата граѓани на земјоделско производство. Во 200 0-та година се земени 38 милиони марки. Ако ние имаме 2 00 односно 400 милиони марки суфицит, сега зошто да не ги повратиме како стимулативно да делува на развојот и унапредувањето на земјоделското производство, не мора развој. За одржување на земјоделското производство и нивната основна егзистенција, во тоа е мојата заложба. Не е во друго заложбата. Еве, на крајот на краиштата г-до, јас ги застапувам граѓаните од 32 или 30 илјади граѓани во општина Радовиш, од кои 70% се занимаваат со земјоделско производство ќе сега, туку извадете ги стенограмите и пред четири, пет години сум се залагал за тоа. Дали тоа имало одраз? Немало. Ние како пратеници сме должни за тоа да се залагаме. Така што не треба да ни објаснувате. Имате алиби пред вашата Влада односно пред Владата на РМ зошто нема да се согласеше. Јас ќе ти кажам,.јас сакам да имам такви бирачи

како што вие имате колега Горан со такви ваши изјави и пак мене да ме бираат. Не. Јас ќе се залагам до крај за овие граѓани од 200 илјади, кои живеат исклучиво директно од земјоделското производство и кои се оптоварени во 2000 година со 38 милиони марки. Сега, се залагам еден механизам да се изгради и да им се вратат барем половично 20 до 30 милиони марки. Благодарам, ако има потреба повторно ќе се јавам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно му благодарам на пратеникот Чифлиганец Ванчо за овие дополнителни објаснувања.

За реплика се јавува пратеникот Трајков Горанчо.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Јас ќе бидам, колку што е можно пократок. Во моето кратко излагање само се заложив за трајно решаваше на проблемот за земјоделието. Она што беше направено и пред ДДВ и после ДДВ не беше добро решено во РМ и затоа сите мои забелешки и сугестии околу тоа ќе ги изнесам во делот кога ќе бидат решавани законите за реформи во земјоделието. Благодарам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Трајков Горанчо.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 7 2 пратеници.

2 3 пратеници гласаа за, двајца се воздржани, 47 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, раздел 9002, ставка 442, потставка 444200 и на раздел 9002 ставка 483, потставка 483010, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Процедурално за збор се јави Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Бидејќи , амандманот кој го поднесов застапуваше широки народни маси кога е во прашање основот на егзистенција, се сомневам во гласање и барам поединечно изјаснување и барам подршка од 10 пратеници.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Дали имате доволно гласови , за да поминеме на поединечно гласање ?

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

| | |
|---|---|
| 1. Јонуз Абдулаи | против |
| 2. Абдурахман Алити | отсутен |
| 3. Абдула Алиу | отсутен |
| 4. Милојко Ангеловски | отсутен |
| 5. Стојан Андов | **за** |
| 6. Кирил Андоновски | против |
| 7. Љупчо Анушев | против |
| 8. Амди Бајрам | отсутен |
| 9. Фадил Бајрами | воздржан |
| 10. Димитар Баткоски | против |
| 11. Мерсел Биљали | отсутен |
| 12. Валентина Божиновска | отсутна |
| 13. Јордан Бошков | отсутен |
| 14. Димитар Бузлевски | **за** |
| 15. Абдулади Вејсели | отсутен |
| 16. Слободан Гарчески | против |
| 17. Васил Гаџовски | против |
| 18. Михајло Георгиевски | отсутен |
| 19. Трајко Гешоски | против |
| 20. Александар Гештаковски | **за** |
| 21. Данило Глигороски | против |
| 22. Петар Гошев | отсутен |
| 23. Слободан Даневски | отсутен |
| 24. Замир Дика | отсутен |
| 25. Ванчо Ѓоргиев | отсутен |
| 26. Илија Ѓорѓиев | отсутен |
| 27. Фатмир Етеми | против |
| 28. Васил Ефтимов | против |
| 29. Насер Зибери | отсутен |
| 30. Љубисав Иванов - Ѕинго | отсутен |
| 31. Мирко Иванов | **за** |
| 32. Илија Илоски | **за** |
| 33. Делче Ицков | против |
| 34. Никола Јованов | отсутен |
| 35. Весна Јовановска | против |
| 36. Марика Јорданова | против |
| 37. Назми Кадриу | **за** |
| 38. Радомир Карангелески | против |
| 39. Жарко Караџоски | против |
| 40. Митко Киров | против |
| 41. Лазар Китаноски | **за** |
| 42. Саво Климовски | отсутен |

43. Стојан Ковачески **за**
44. Ѓорѓи Котевски против
45. Чедомир Краљевски против
46. Илија Лазаров против
47. Горанчо Лазов отсутен
48. Алириза Лога воздржан
49. Билал Љутфии против
50. Васе Манчев против
51. Наталија Марковиќ- Димова отсутна
52. Ѓулистана Марковска против
53. Деспина Марковска против
54. Звонко Мирчески **за**
55. Драган Митевски отсутен
56. Илинка Митрева отсутна
57. Кирил Настески **за**
58. Рубенс Наумовски против
59. Горан Невеновски отсутен
60. Латиф Пајкоски **за**
61. Александар Пандов против
62. Ванчо Панчев против
63. Илија Пемов против
64. Тито Петковски отсутен
65. Чедо Петров против
66. Томислав Петровски отсутен
67. Филип Петровски воздржан
68. Азис Положани отсутен
69. Стојан Попов против
70. Љубомир Поповски **за**
71. Никола Поповски **за**
72. Илија Прангоски отсутен
73. Исмет Рамадани отсутен
74. Љупче Ристески против
75. Ненад Ристовски **за**
76. Нано Ружин отсутен
77. Илјаз Сабриу отсутен
78. Аце Сајкоски против
79. Аслан Селмани **за**
80. Борче Сибиновски против
81. Вангел Симев отсутен
82. Ристо Спанаков против
83. Крале Спанчевски против
84. Ѓорѓи Спасов отсутен
85. Милан Ставрев против
86. Наќе Стојановски **за**
87. Томислав Стојановски против
88. Воислав Стојаноски против
89. Благој Стојковски **за**
90. Златко Стојменов **за**
91. Владо Сугаревски воздржан
92. Оломан Сулејмани отсутен
93. Ризван Сулејмани отсутен
94. Мухамед Таири **за**
95. Александар Талевски против
96. Мевљан Тахири отсутен
97. Митко Тилевски против
98. Ѓорѓи Тодоров отсутен
99. Ристо Тодоров **за**
100. Павле Тодоровски против
101. Панде Томов против
102. Коце Трајаноски против
103. Горанчо Трајков против
104. Танас Трајковски отсутен
105. Александар Трпевски против
106. Борислав Трповски против
107. Слободан Ќосев против
108. Илија Филиповски **за**
109. Александар Флоровски против
110. Илјаз Халими против
111. Благој Ханџиски **за**
112. Сејфедин Харуни отсутен
113. Кастриот Хаџиреџа воздржан
114. Бранко Црвенковски отсутен
115. Миланчо Черкезов **за**
116. Ванчо Чифлиганец **за**
117. Арбен Џафери отсутен
118. Хисни Шаќири **за**
119. Алија Шахиќ против
120. Радмила Шеќеринска отсутна

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници,

Вкупно гласаа 79 пратеници, за гласаа 26, 48 пратеници гласаа против и пет пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам по втор пат дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, раздел 9002 ставка 444 потставка444200 и на раздел 9002 ставка 483, потставка 483010, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 14001 ставка 426, потставка 426083 и на раздел 9002, ставка 483, потставка 483010, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Значи, Владата и овој амандман не го прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Чифлиганец Ванчо.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници, овој амандман го поднесов како одраз на сите заложби како партии, како пратеници и мислам дека на сите во дискусијата проткаено директно или индиректно по основ на ребалансот на буџетот односно енормно високиот суфицит беше да се пренаменат , да се дистрибуираат овие средства 200, 300 односно 400 милиони марки за дејности каде што најмногу ќе го почувствува граѓанинот.

Во мојата дискусија, во заклучокот реков што понатаму и се заложив , оваа дистрибуција на овие вишок на средства во буџетот односно суфицит да бидат пренаменети да се намали трговскиот дефицит, не мора да кажам 600 милиони долари или 500 односно самиот ребаланс да биде поттикнувачки во сферата на развојот односно кон нови вработувања. Јас дадов и цифри, но сакав да бидам скромен, преку буџетот, ако не на друг начин 50 милиони марки да бидат издвоени и тоа од депозитот, пак, на Народна банка на Македонија. Никој не е оштетен директно, тоа што го планира Владата да бидат издвоени за нови вработувања, за нови производи , за нови технологии. Со тоа да се намали невработеноста на младите, на стручњаците и стечајните работници, а исто така, да се произведуваат атрактивни производи во Македонија со што ќе се зголеми увозот, ќе се намали извозот, а ќе го намали увозот. Така што, мислев дека тоа може да биде пренаменето на повеќе начини, реков, во дејности кои се атрактивни транспарентно и јавно итн. Затоа, се заложив да дадам еден таков амандман, овој Парламент, оваа Влада на РМ конкретно да каже дека овие 50 милиони марки се даваат директно за вработување, нови вработувања, нови технологии, нови производи, односно велиме за структурни реформи, за преструктуирање на некое неконкурентно стопанство. Тоа да биде отчет секој ден и да каже Владата и Парламентот пред јавноста, ние по овој основ, само по овој основ вработивме 10, 20 или 30 илјади луѓе, да се создаде нова создадена вредност. Тоа беше мојата намера, но верувам до колку се одбива па да се најде начин каско тоа директно или индиректно да биде на друг начин. Веднаш да ве ослободам, без разлика дали ќе гласате или нема да гласате, јас видов кога за едно животно институционално прашање, кој секој земјоделец се убедува така - вака не го поддржавте амандманот, на тајното гласање нема да барам поединечно изјаснување по овој амандман. Така, во тој смисол да бидеме растоварени.

Затоа, апелирам по ова прашање да бидеме храбри, да ги напуштиме стегите на своите партиски ставови, а знам дека имаше расправа и во Владата на РМ помеѓу поедини министри, ресорни министерства, не зборувам коалициони партнери, ако сакаме развој сега ни е шансата, можноста да дадеме на креативците кои можат да отворат нови работни места, преку нови производи, нови технологии. Да бидеме како парламент револуционерни, овој амандман да го поддржите и јас ја барам вашата непосредна парламентарна поддршка.

Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Чифлиганец Ванчо.

Дали некој друг бара збор?

Има збор, г-динот пратеник Биљал Љутвиу.

**БИЉАЛ ЉУТВИУ:**

Почитувани колеги, пратеници,

Често пати сум на мислење дека се злоупотребува Деловникот на Собранието. Јас сакам да слушам од поискусните овде во Собранието, дали воопшто се гласа тајно во Собранието.

БИЉАЛ ЉУТФИИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Под тајно гласање нешто друго се подразбира. А, според мене, гласањето со систем, со електронски систем е јавно гласање, не е тајно гласање. Па, во оваа насока, сакам во име на пратеничката група на ДПА да апелирам да се престане со манипулација,

бидејќи впрочем и амандманот што не беше усвоен од мнозинството пратеници во Собранието потврдува тоа што мнозинството гласаше со помош на системот за гласање.

Затиа, треба да престанеме со таквите манипулации, чисто манипулации и да се согласиме со реалноста, Па, доколку би било и тајно гласање, впрочем ние овде не гласаме тајно.

Во однос на правото да се изјаснам за амандманот, се декларирам дека негативно ќе гласам, од причина што чисто го сметам како политички маркетинг, бидејќи по физиономија не ми се гледа дека Чифлиганец е некој земјоделец, оти не е толку ослабен од мотика, па толку да лее солзи за земјоделците.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Биљал Љутфии за овие добронамерни цели.

Дали некој друг бара збор?

Повторно за збор се јави пратеникот Чифлиганец Ванчо.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Колега Љутфи, мислам дека тоа е ваше право и во тоа е трагедијата што вие гласате само она што сте по професија и само тоа го поддржувате. Тоа е вашата лична трагедија. Ако не има повеќе такви во овој Парламент, ќе биде најголема државна македонска трагедија.

Пратеникот не е да ги застапува интересите за она со што се бави. А, за ваша информација,мојот род, повеќе од 100 години наназад, во турско, српско и бугарско се бавел со земјоделие. Кога велам род, не мислам само на мојот татко, на мојот дедо и прадедо, туку мислам на општината што ја застапувам Радовиш и Конче во овој парламент.

Зарем тоа не ти зборува дека Ванчо Чифлиганец се залага за интересите од функцијата што произлегува од институцијата пратеник? Ќе го застапувам и сточарот на Шар Планина, во Гостивар, Тетово, таму каде што сте вие, затоа што не е функцијата од таму од каде што си пратеник. Функцијата пратеник, институцијата е нешто повеќе него вие лично или мал дел што ја сфаќаат во овој Парламент. Јас никогаш нема така да ја сфатам и верувам дека сега нешто ново ќе измислите на моја адреса. Но од тоа не се плашам. Јас сум Чифлиганец, гранитен Македонец.

Понатаму, јас не реков тајно гласање. Листингот ќе се добие и ќе се знае. Но, верувајте имаше потпишани луѓе пратеници, не сакам сега да ги именувам, поднесоа амандман, а бидејќи се побара поединечно изјаснување се уплашија од врхушката во партијата на која припаѓаат, беа против сопственоиот потпис на амандманот. Тоа се случувало. Нели беше факт 22 беше со гласањето преку електрониката, со јавно 26. Четворица храбри се јавиле и гласале. Колку пати се случило амандманот помине, се побара поединечно гласање, после партиска дисциплина, не зборувам за која партија, амандманот да не се изгласа.

Сепак мислам дека, ве ценам како пратеник и мислам дека во најголем дел во вашите дискусии се добри, меѓутоа сега да се адресира политички маркетинг, мислам дека не е во ред. Ако не сме ние на линијата на ова што го застапуваме и ако со аргументи тоа го потковувам, давам овде пред Парламентот, мислам дека не држи место. Затоа, што држи место ќе прифатам добронамерни критики и добронамерно ќе ги сфатам и веројатно ќе надминам некои мои приоди. Но ова што го кажавте секоја чест на вашата умешност, вашето место, ниво во сопствената партија на ДПА, но јас во најголем дел вашата моментална дискусија не ја прифаќам.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Чифлиганец Ванчо. Сигурно за реплика се јави пратеникот Биљал Љутфии.

БИЉАЛ ЉУТФИИ:

Господине Чифлиганец, благодарам за објаснувањето во однос на функцијата пратеник. Но, биди убеден дека јас не отстапувам од мојата идеја, од предложеното, па макар и час, час и половина да зборувате, оти чисто го сметам како еклетистичко и софистичко однесување.

Во однос на предлогот за придобивка на земјоделците, а за ваша информација јас потекнувам од такво семејство. Меѓутоа, знам попаметни решенија како да се помогне земјоделството воопшто во Република Македонија. Чисто се сомневам со овој ребаланс на Буџетот, при крајот на оваа календарска година може нешто да се помогне.

Доколку искрено се залагате, еве, јавно декларирам дека ќе ја имате поддршката лично од мене бидејќи вреди во нашава република, на оваа категорија граѓани да им се помогне на крајот на краиштата тоа е категорија на граѓани што повеќе придонесуваат за оваа држава.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Биљал Љутфии. Има збор пратеникот Глигоровски Данило.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе гласам против овој амандман. Причината е затоа што сметам дека освен еден прозирен политички маркетинг или демагогија, всушност овој амандман не е подржан со ништо друго. Аргументи има повеќе.

Ако беа толку загрижени дали за земјоделците, дали за невработените, имаа можност господата и господинот Чифлиганец во претходниот состав да направи нешто со конкретни предлози кога се носеа буџет или ребаланс или било какви работи во однос на финансиската сфера. Значи, неговото залагаше можеше да дојде до израз.

Очигледно дека последиците се уште ги чувствуваме од такво не залагање во времето кога беа на власт.

Втора работа, се спомнаа интервенции, дали за невработените, дали за земјоделците. Всушност, од оваа кратка консултација ги прашав луѓето од Министерството за финансии, оваа година колку што имаа интервенирано РМ во земјоделството мислам дека нема ниту една друга година интервенирано, а тоа најубаво го знаат самите земјоделци со пласманот на нивните производи.

Третата работа зошто не би го поддржал овој амандман, затоа што, дали има некоја програма што стои зад ова или чисто е само кажано како флоскула, еве, ние сме за тоа и толку. Бидејќи нема програма, бидејќи постојат голем број на аргументи што ги набројав претходно, нема да го поддржам овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Глигоровски Данило. Има збор пратеникот Стојановски Наќе.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе,

Амандманот воопшто не се однесува за земјоделците сега. Значи, луѓево не го виделе амандманот зошто се работи. Ве молам, внимавајте барем вие, јас се извинувам што предупредувам, меѓутоа немојте, се троши половина час време. Се зборува дека амандманот нема да се поддржи, а всушност се работи за друг амандман. Не се спомнати земјоделците. Се работи за депозити што се чуваат во Народна банка и што најавува Владата во економска политика дека треба да се намалат и да се трансформираат. Практично овие не се вкалкулирани ниту во вкупните приходи на суфицитот што ги предлага сега предлагачот. Тој амандман е на расправа. Жалосна е ситуацијата што се дозволува ваква дискусија. Несериозно е.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојановски Наќе.

Сигурно има нешто да дообјасни, пратеникот Глигоровски Данило има збор.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Ја прифаќам оваа критика господине Стојановски, меѓутоа сметам дека е упатена кон двајцата и кон пратеникот Чифлиганец и кон мене, затоа што при реплицирањето за овој амандман, за кој што стана збор, за невработените, самиот господин Чифлиганец ги спомна повторно земјоделците. Значи, ако е упатена критика, упатена е на нас двајцата, бидејќи во одговорот беше вметнато, покрај другото повторно прашањето за земјоделците.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Уште еднаш да му дадеме збор на пратеникот Чифлиганец Ванчо. Се надевам дека ќе биде краток.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Му благодарам на колегата Наќе Стојановски што ја сфати репликата на претходниот дискутант Данило Глигоровски. Но имајте предвид, вие седите во челните клупи во партијата на

власт и морате да имате поголема концентрација од сите нас кои седиме во задните клупи, а плус опозиција. Така што, тоа е вашата предност, обврска и одговорност пред партијата на власт и пред овој Парламент. Тоа е разликата,

Понатаму, моите заложби пред три години, четири години, без разлика што сега малку се поместува дискусијата, беа за тутуновото производство. Тогаш беше 130 денари килограм, односно 2,5 долари. Сега е 1,5 долари. Имајте предвид. Јас се залагам за заштита на она земјоделско производство што е со труд, а најмалку сакам да го заштитам производството, односно профитот со некој друг шверц со цигари,со виски итн.

Сериозно сфатете ја работата. Сакале не сакале, сите ќе бидеме принудени овие граѓани да ги стимулираме. А, за амандманот што е сега на дневен ред, помина за земјоделското производство, јас ја барам вашата најсрдечна, најдобронамерна поддршка да гласате за, да видиме нови вработувања преку нови производи и технологија.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам уште еднаш на пратеникот Чифлиганец Ванчо. Има збор пратеникот Лазаров Илија.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Ова е типичниот стил на господинот Чифлиганец, на неговото однесување, кокетирање со земјоделците, со граѓаните од општината Радовиш.

Тој кажува дека тутунот бил 2,5 долари кога се откупувал, а заборави дека 200 милиони долари во негово време, додека тие беа на власт, од Македонија пак се одлеани пари во нивните џебови. Можеби не директно во неговите, меѓутоа во џебовите на владеачката, тогашна коалиција. Мислам, прво е невкусно на еден ваков начин да води, да се прави загрижен за земјоделците а сите бенифиции во земјоделието се укинати кога беа тие со апсолутно мнозинство на власт. Сите бенифиции за земјоделието. Сега крокодилски солзи за земјоделието, демек многу ги сакам, многу се грижам за земјоделците.

Сигурно дека тие се грижа на сите нас. Сигурно ние помалку од него не сме загрижени, посебно бидејќи сме партија на власт. Еве, правиме се оваа година, знаеме откупот на сите земјоделски производи беа на време исплаќани, а се сеќаваме во нивно време какви беа исплаќањата, со колку задоцнувања.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Лазаров Илија.

За реплика се јави господинот Чифлиганец Ванчо.

**ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО:**

Почитуван потпретседателе,

Многу ми е жал што сум погрешно сфатен, а се што ќе кажеме во интерес на партиите на власт, на коалицијата овде нема да биде прифатено. Јас знам дека нема да биде прифатено, но сакам директно, барем индиректно да имаме некоја совест ова што го отфрлуваме.

Многу ми е жал, поедини пратеници и со претходниот колега, мислев дека, ако не друго, јавно ќе ме, преку притискање на копчето"за" поддржи, затоа најнапатена општина, покрај многуте такви во Република Македонија е и општината Радовиш. Сето тоа што го кажав е вистина, аргументирано. Кога ќе стане еден пратеник и од позицијата, аргументирано нешто да предложи, а јас аргументирано предложив за земјоделското производство, колку е одземено, не реков оштетено, украдено, ако имаат профит, ако имаат заштеда нека си земаат уште повеќе. Но, тие немаат заштеда. Имаат загуба во супстанца. Не може три денари бостан, не може 7 кг. пченица да биде еден долар. Ние мораме, ако не директни субвенции, стимулации, да најдеме начин како тоа да го направиме. Ако некој мисли дека ние овде правиме политички маркетинг, ние доволно сме се потврдиле и во земјоделието и во индустријата, во образованието, културата и спортот. Ако не е тоа доволно, сега го потврдуваме македонскиот синдром на самоуништување.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам уште еднаш.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеници, 22 за, 2 воздржани и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, Раздел 14001, ставка 426, потставка 426083 и на Раздел 9002, ставка 483, потставка 483010 поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменуваше и дополнување на Буџетот. Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, расправата заврши. Амандманите се исцрпеа. Во име на пратеничката група барам 5 минути пауза за договор на пратеничката група за изјаснување по документот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предлагам пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,35 часот)

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија

(пратениците влегуваат во салата).

Ги молам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Уште еднаш повторувам, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година го ставам на гласање.

Пред да гласаме, има збор господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам господине потпретседател, јас мислев дека ќе дадете збор на оние кои барале пауза, па затоа не се пријавив. Тогаш ќе го искористиме ова деловничко право.

Пратеничката група на СДСМ оцени дека буџетот и ребалансот на буџетот, тоа го кажавме во тродневната расправа, е резултат на еден суфицит и огромното зголемување на буџетската потрошувачка во државата е резултат на сепак погрешно водена економска и пред се фискална политика на Владата во 2000 година.

Тие наши ставови ги елабориравме во изминатите три дена, нема да ги повторуваме, се разбира.

Пратеничката група исто така поднесе соодветен број амандмани во врска со таканастанатата ситуација кои, како по правило, сите се одбиени и од тие причини пратеничката група на СДСМ нема да може позитивно да се изјасни за понудениот ребаланс на Буџетот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски. Сега има збор пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, во името на пратеничката група на ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција сакам да го пренесам ставот како ќе гласаме.

Низ неколкудневната расправа имавме можност да се изјасниме околу ребалансот на Буџетот односно овој суфицит кој ни го презентира Министерството за финансии при Владата на РМ, и преку амандманската расправа ние поднесовме повеќе предлози за корекции на ребалансот на Буџетот на Република Македонија.

Цениме дека овој ребаланс е антиреформски, против интересот на стопанството и што е многу чудно при нашите дискусии искажавме незадоволство од односот на министерот од Министерството за финанси кој навистина не покажа желба да вклучи дел од нашите издржани амандмани и ги вклучи во ребалансот на Буџетот на Република Македонија. Тука пред се цениме дека не го прифати амандманот по однос на заштита на Дојранското Езеро и сега беше можност од овој суфицит да се направи можност да се санира состојбата на Дојранското Езеро.

Понатаму, министерот имаше можност да покаже една подготвеност да ги исправи оние аномалии кои ги тиштат земјоделците во нашата држава.

Трето, да се вгради инфлацијата од 10% кај личните доходи на вработените кои користат личен доход од Буџетот на Република Македонија.

Меѓутоа, имаше можност гледачите во Република Македонија да се уверат дека тој со еден цинизам, со една смешка ги отфрлаше сите наши предлози и во името на пратеничката група јавно протестирам за неговиот однос, меѓутоа, тоа не ме чуди, бидејќи човек кој од клупа право дојде да биде министер така и неодговорно ќе се однесува.

Во тој контекст пратеничката група на ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција нема да го прифати Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот господин Миланчо Черкезов.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

62 пратеника гласаа за, 21 против и 3 воздржани.

Вкупно гласаа 86 пратеници, од кои 62 за, воздржани 3 и против 21.

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 15,40 часот).